Бр./Nr 12-515/2

19-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформенпо пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-515/1 од 31.01.2022 година,противлицето ---------------------, в.д. директор на ЈОУДДГ ,,------------" од -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за финансии на РСМ – Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борбата против измама на ЕУ средства.

Предметот со број 12-515 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познатподносител, ------, на ден 31.01.2022 година, поднесена е пријава за лицето ----------- и оформен е предмет број 12-515 од 2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека в.д. Директорот на ЈОУДДГ ,,-----------" од --------- ја злоупотребил својата службена должност и овластување.

Имено, во пријавата е наведено дека веднаш по стапувањето на должност, односно по само два дена, на ден 28.12.2021 година, в.д. Директорот на ЈОУДДГ ,,----------" од -------------, ----------, прифатила и исплатила фиктивна фактура за извршени услуги кон Јавното комунално претпријатие ,,------" --------- во вредност од 11.785,00 денари, како и две фактури кон ,,---------" чиј сопственик бил лицето -------------, кој воедно бил прв братучед на в.д.директорот, во вредност од 13.160,00 денари која била платена на ден 28.12.2021 година, како и фактура на износ од 26.000,00 денари, платена на ден 30.12.2021 година.

Во пријавата исто така е наведено и дека фактуританата роба од ,,-----------" се состои од материјални ствари (греалки и др.), кои пописната комисија не ги утврдила при вршењето на редовниот годишен попис на средства, а сомнежот бил уште поголем ако се

земе во предвид тоа дека, роба од тој износ и количина никогаш порано (во изминатите 4 години) не бил набавен од наведениот правен субјект.

Во прилог кон пријавата доставена е листа од веб страната на Министерството за финансии, во делот на Отворени финансии, од каде може да се утврди дека претходно наведените износи се исплатени во точен износ и датум како што е наведено во текстот од пријавата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, а согласно член 70 став 2 од Законот за локална самоуправа, органи кои вршат надзор над законитоста на работата на органите на општината се органите на државната управа, и член 3 од Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор каде е уредено дека финансиска инспекција се врши кај корисниците на средства од Буџетот на РСМ, каде меѓу другите се наведени и јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во сопственост на општините и градот Скопје, во делот на добиените јавни средства, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерство за финансии на РСМ – Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борбата против измама на ЕУ средства.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил:м-р К.З.
Одобрил: С.П.Д. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**